# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

03 март 2017г. **Гевгелија** Број 2 Година **XL**

Врз основа на член 11, став (1) точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2017 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2017 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2017 година, усвоена од Управниот одбор на ова Јавно претпријатие со одлука бр.02-118/3 од 24.01.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-522/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 11, став (1) точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2017 година донесе,

# РЕШЕНИЕ

**За давање согласност на Годишниот извештај за работа на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2017 година**

1.Се дава согласност на **Годишниот извештај за работа на Управниот одбор** на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2017 година, предложен од Управниот одбор на ова Јавно претпријатие со одлука бр.02-118/2 од 24.01.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09- 523/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 46 став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2017 година, донесе

# ОДЛУКА

**За изработка на Локална урбанистичка планска документација за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија, со графички и текстуален дел на планска документација, согласно член 46 став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Член 2

Основ за изработка на ЛУПД за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија, претставува донесената Одлука за утврдување локација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија, од Советот на општина Гевгелија бр.09-1715/1 од 18.07.2016 година.

Член 3

ЛУПД за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија од член 1 на оваа Одлука зафаќа

површина од 20 000м $^{2}$ и во неа ке се депонира комунален отпад од општина Гевгелија.

Член 4

Просторот опфатен со ЛУПД за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија е со намена:
Е3 – некомпатибилна инфраструктура

Член 5

Изработка на Локална урбанистичка планска документација за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија трба да се базира врз одредбите од Просторниот план на РМ, а истата да се изработи во согласност со методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-524/1
28.02.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 8/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, донесе

# ОДЛУКА

## За измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од измена и дополување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година поради потребата за изработка на ЛУПД за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија.

Член 2

Во глава II поднаслов 5. Локална урбанистичка планска документација, 5.1 Локална урбанистичка планска документација за потребите на општина Гевгелија, се додава нов став кој гласи:

„Локална урбанистичка планска документација за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија".

Бр.09- 525/1
28.02.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија.
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на барањето на Актор АДТ *Грција-Подружница Скопје*, бр.11-155/1 од 09.02.2017 година, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02. 2017 година, донесе

# ОДЛУКА

**За прекинување на постапката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на повеќенаменски комплекс на место викано „Големо Брдо" во КО Миравци, на потег Демир Капија-Смоквица, општина Гевгелија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од прекинување на постапката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на повеќенаменски комплекс на место викано „Големо Брдо“ во КО Миравци на потег Демир Капија- Смоквица, општина Гевгелија.

Член 2

Основ за прекинување на постапката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на повеќенаменски комплекс на место викано „Големо Брдо“ во КО Миравци на потег Демир Капија Смоквица, општина Гевгелија представува поднесеното барање за прекинување на постапка за донесување на план поднесена од „Актор“ АДТ Грција Подружница Скопје, бр.11-155/1 од 09.02.2017 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр. 09-526/1
28.02.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. ), а во врска со член 32 став 3 од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10 и 51/11 год.), и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За усвојување на Извештајот за работата на Јавната општинска установа – Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Јавната општинска установа – Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година, усвоен од Управниот одбор на Библиотеката со Одлука бр.01-8/2 од 27.01.2017 година
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-527/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. ), а во врска со член 32 став 3 од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10 и 51/11 год.), и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Програмата за работата на Јавната општинска установа – Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година, усвоен од Управниот одбор на Библиотеката со Одлука бр.02-9/1 од 27.01.2017 година
2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-528/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.49/03-пречистен текст, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11,136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15 год.), и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Извештајот за работа за 2016 година на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија, усвоена од Управниот одбор на оваа установа со Одлука бр.02-7/2 од 17.02.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-529/1
28.02.2017год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.49/03-пречистен текст, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11,136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15 год.), и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишната програма за работа за 2017 година на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија, усвоена од Управниот одбор на оваа установа со Одлука бр.02-7/3 од 17.02.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-530/1
28.02.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов***

---

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија"-Гевгелија, член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 87/13, 164/13, 39/14. 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16г.), како и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2016г., донесе

# РЕШЕНИЕ

## За разрешување член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" - Гевгелија

1.Се разрешува Даница Нечевска од функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" -Гевгелија, поради изминат мандат во управниот одбор на оваа установа.

2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до горенаведената установа.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-531/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/011, 155/012, 72/013, 44/014 и 115/014), член 2 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.30 КО Мрзенци

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.30 КО Мрзенци, за утврдување правен статус на бесправно изграден објект – ТС 10(20)/04 kw "АБЦ" во с.Мрзенци.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,, .

бр.09-532/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/011, 155/012, 72/013, 44/014 и 115/014), член 2 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

# О Д Л У К А

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.2098/3 КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.2098/3 КО Гевгелија, за утврдување правен статус на бесправно изграден објект – ТС 10(20)/04 kw "Дичо Панов" во Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на општина Гевгелија„ .

бр.09-533/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/011, 155/012, 72/013, 44/014 и 115/014), член 2 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација

(,,Службен весник на РМ,,бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

# О Д Л У К А

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.3834/1 КО Негорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.3834/1 КО Негорци, за утврдување правен статус на бесправно изграден објект – ТС 10(20)/04 kw во с.Негорци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,, .

бр.09-534/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/011, 155/012, 72/013, 44/014 и 115/014), член 2 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за стандарди и нормативи *за вклопување* на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

# О Д Л У К А

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.860/1 КО Моин**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација (УП за с.Моин), со која ќе се врши вклопување на изградена станбена куќа на КП бр.860/1 КО Моин - сопственост на лицето Методија Проданов од с.Моин, во класа на намена А1-домување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,, .

бр.09-535/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2017година, по расправата по Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2016 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-536/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2017 година, по расправата по Извештајот за реализацијата на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и

заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2016 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-537/1
28.02.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

## СОДРЖИНА:


**1.** Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2017 год.......................................................**81**

**2.** Решение за давање согласност на Годишниот извештај за работа на Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2017 година..............**81**

3. Одлука за изработка на Локална урбанистичка планска документација за мини депонија за комунален отпад од времен карактер на дел од КП 117 КО Ново Конско, општина Гевгелија.................................................................**82**

4. Одлука за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година.......................**83**

5. Одлука за прекинување на постапката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на повеќенаменски комплекс на место викано „Големо Брдо" во КО Миравци, на потег Демир Капија-Смоквица, општина Гевгелија..................................................................................................**84**

6. Решение за усвојување на Извештајот за работата на Јавната општинска установа – Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година................**85**

7. Решение за усвојување на Програмата за работата на Јавната општинска установа – Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година............... **86**

8. Решение за усвојување на Извештајот за работа за 2016 година на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија, усвоена од Управниот одбор на оваа установа со Одлука бр.02-7/2 од 17.02.2017 година....................................................................................................**87**
9. Решение за усвојување на Годишната програма за работа за 2017 година на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија, усвоена од Управниот одбор на оваа установа со Одлука бр.02-7/3 од 17.02.2017 година....................................................................................................**87**
10. Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравен дом "Гевгелија" –Гевгелија....................................................................................**88**
11. .Одлука за утврдување потреба од донесување наурбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.30 КО Мрзенци....................................................................................................**89**
12. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на наменатана земјиштето на КП бр.2098/3 КО Гевгелија....................................................................................................**90**
13. .Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.3834/1 КО Негорци....................................................................................................**91**
14. .Одлука За утврдување потреба од донесување наурбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.860/1 КО Моин....................................................................................................**91**
15. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2016 година....................................................................................................**92**
16. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2016 година...............................**93**

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**

**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и**